РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
DREJTORIA PËR MBROJTJE DHE SHPËTIM
Бр. Nr. 03-2796/1
23 XII 2024 год. viti
Скопје Shkup

# АНТИКОРУПЦИСКА ПРОГРАМА
# НА ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
# НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Архивски знак:
Shenja e arkivit
Рок на чување: Год.
Afati i ruajtjes: Viti
Дата Год.
Data Viti
Потпис, Nënshkrimi,

Декември,2024


Влада на Република Северна Македонија
Дирекција за заштита и спасување
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Drejtoria për Mbrojtje dhe Shpëtim
Република Северна Македонија
ул. „Васко Карангелевски“ бр.8, 1000 Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut
Rr. "Vasko Karangeleski" num. 8, 1000 Shkup
Tel.: +389 2 2433 384
Web: www.dzs.gov.mk
e-mail: dzs@dzs.gov.mk

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на Државната управа(Сл.весник на РМ бр.58/00,44/02,82/08,167/10,51/11,96/19,110/19, 121/24), а имајќи ја во предвид Националната стратегија за спречување на корупцијата и судир на интереси 2021-2025 на Државната комисија за спречување на корупцијата, директорот на Дирекцијата за заштита и спасување на Република Северна Македонија донесе:

# АНТИКОРУПЦИСКА ПРОГРАМА<br>НА ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ<br>НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ВОВЕД

Корупцијата како општествено негативна појава ја поткопува довербата во институциите на системот, ги попречува и урива основните општествени вредности, ги злоупотребува институционалните капацитети во полза на нелегални цели и интереси и претставува закана за демократијата и остварување на човековите права. Секое коруптивно дејство подразбира кршење на интегритетот кој треба да обезбеди дејствување во согласност со општоприфатените морални вредности и норми во корист на јавниот интерес.

Интегритетот е прашање од суштествено значење кој има влијание на легитимитетот и капацитетот за ефикасно исполнување на основната мисија и визија на Дирекцијата за заштита и спасување на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Дирекцијата), поради што успешноста во справувањето со корупцијата, бескомпромисната и неселективна борба против овој вид криминал е апсолутен приоритет на нашата институција.

## Цели на антикорупциската програма

Антикорупциската програма на Дирекцијата за заштита и спасување на Република Северна Македонија воспоставува систем на мерки кои ќе овозможат справување со корупцијата и судирот на интереси, зголемување на транспарентноста и унапредување на личниот и професионален интегритет на вработените.

Согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси :

- под корупција се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување корист, директно или преку посредник, за себе или за друг,
- пасивната корупција е намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски,
- активната корупција е намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените

обврски.

Корист претставува остварување на секој вид материјална или нематеријална придобивка, погодност или предност за себе или за друг.

Судир на интереси подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

Поимот интегритет подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работите, со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на гражаните во вршење на јавните функции и во рабтата на јавните институции.

## 1. Програмски активности

Антикорупциските активности ќе бидат насочени кон унапредување на професионалноста на вработените преку доследно почитување на законската и подзаконска регулатива и санкционирање на сите форми на корупција во Дирекцијата за заштита и спасување.
Имајќи го во предвид наведеното, во Антикорупциската програма на Дирекцијата за заштита и спасување за периодот 2025 - 2028 година посебно внимание ќе биде посветено на:

- професионализацијата, департизацијата и деполитизацијата на вработените,
- јакнење на интегритетот на вработените,
- доследно почитување на Етичкиот кодекс за однесување на вработените во Дирекцијата,
- превентивно дејствување преку намалување на ризиците од корупција,
- репресија како алатка за санкционирање на корупцијата и останатите форми на злоупотреба на службената должност.

Приоритетни цели на Антикорупциската програма ќе бидат:

1. Владеење на правото,
2. Јакнење на интегритетот на вработените во Дирекцијата за заштита и спасување,
3. Подигнување на етичката свест на вработените преку почитување на Етичкиот кодекс за однесување на вработените во Дирекцијата,
4. Спроведувањед на проценка на ризик од појава на корупција на работните места,
5. Автоматизација на работните процеси,
6. Зајакнување на системите за мерење на учинок, наградување, унапредување, дисциплински постапки и казнување,
7. Зајакната контрола на јавните набавки
8. Континуирана и специјализирана обука во Дирекцијата,
9. Јакнење на довербата на граѓаните и мотвирање да пријават корупција,
10. Транспарентност на Дирекцијата,
11. Имплементација на Политиката за интегритет и

12. Спроведување на активностите предвидени со Акциониот план за реализација на Антикорупциската програма на Дирекцијата за заштита и спасување на Република Северна Македонија за период 2025-2028 година.

## 1.1 Владеење на правото

Владеењето на правото значи постапување на вработените во Дирекцијата согласно Уставот и законите, подзаконските прописи како и во согласност со меѓународната регулатива и ратификуваните меѓународни договори.

Со цел да се обезбеди владеење на правото, Дирекцијата ќе ја напредува законската и подзаконска регулатива односно ќе ја заокружи правната рамка со која се регулира заштитата и спасувањето на луѓето, имотот и животната средина во настани од природни непогоди и други несреќи, преку достигнување на стандардите на Европската Унија и спроведување на правната рамка од областа на заштитата и спасувањето.

Внатрешните оперативни инструкции и интерни документи на Дирекцијата треба да се изработуваат и подготвуваат на транспарентен начин кој ќе го намали ризикот од нивно неправилно применување, а истовремено ќе предвидуваат и обезбедуваат соодветни контролни механизми.

## 1.2 Јакнење на интегритетот на вработените

Дирекцијата контиунирано ќе работи на развојот на политики и системи со цел зајакнување на интегритетот на лично и институционално ниво, со цел одржување и развивање на довербата на јавноста.
Вработените во Дирекцијата се должни да ги почитуваат и спроведуваат законските прописи, подзаконските акти, оперативните инструкции и интерни документи, совесно, одговорно, стручно и непристрасно. Само со професионално, законско и етичко постапување ќе се зајакне интегритетот на вработените, а со тоа и ќе се придонесе за отстранување на можноста за појава на корупција, како и преку поддршка на раководството, кое активно ќе го промовира јакнењето на интегритетот, со воспоставување на високи професионални вредности.

## 1.3 Подигнување на етичката свест на вработените преку почитување на Етичкиот кодекс за однесување на вработените во Дирекцијата

Етичкото однесување на вработените во Дирекцијата е една од основите на Програмата. Основните принципи на однесување кои се очекуваат од сите вработени ќе се регулираат со Етичкиот кодексот на однесување на вработените во Дирекцијата.

Раководителите на сите нивоа задолжително ќе вршат надзор на почитувањето на стандардите на однесувањето од страна на вработените во Дирекцијата, а со своето однесување ќе ги промовираат пропишаните стандарди, кои ќе ја одржат довербата, добрата репутација и интегритетот на Дирекцијата.

Целосната имплементација на Етичкиот кодексот на однесување ја наметнува потребата од јасна стратегија за етичка обука, а Кодексот да биде широко прифатен од вработените во Дирекцијата.

Системот на утврдување на одговорност и понатаму ќе се зајакнува со цел да овозможи дестимулирање за коруптивното однесување и обезбедување на висок степен на дисциплинираност на вработените во секојдневното извршување на работните задолженија.

## 1.4 Спроведување на проценка на ризик од појава на корупција на работните места

Дирекцијата ќе воспостави и развива систем на проценка на ризик од појава на корупција во сите сегменти од работењето. Изготвувањето на вакви проценки ќе овозможи воспоставување на систем за превенција од корупција базиран на докази и ќе овозможи механизмите на надзор и контрола во работата да бидат поефикасни во превенирањето, но и во откривањето на случаите на корупција.

Внатрешната или надворешна слабост или постапка од било кој вид која претставува можност за појава на корупција во рамките на Дирекцијата, ќе биде дел од анализите и процесот на управување со ризици од корупција, кои ќе ја зајакнуваат отпорноста на институцијата од овие појави.

Носители на постапката на управување со ризиците, проценка и идентификација на ризичните места подложни на корупција врз основа на само-проценка на високоризичните процеси ќе бидат раководителите на организационите единици но ќе ги вклучи и сите вработени во Дирекцијата.

## 1.5 Автоматизација на работните процеси

Автоматизацијата на работните процеси ја зголемува ефикасноста и ефективноста во работењето, и го дефинира нивото на дискрециони права на вработените во Дирекцијата, со што придонесува за отстранување на многу можности за појава на корупција. Автоматизацијата може да доведе до засилена одговорност и да обезбеди можност за подоцнежна контрола во употребата на службените овластувања.

Дирекцијата ќе воведе ИКТ систем за заштита и спасување а со заменување на рачниот систем на работа, кој може да генерира коруптивна активност, ќе ја зголеми и ефикасноста на мерките за заштита и спасувње.

Посебно внимание ќе му биде посветено на безбедносниот аспект на компјутерскиот систем, кој може да биде подложен на упади од луѓе со професионални вештини одвнатре во Дирекцијата но и надвор од неа.

## 1.6 Зајакнување на системите за мерење на учинок, наградување, унапредување, дисциплински постапки и казнување

Од суштествено значење во координирање на активностите за борба против корупцијата е разбирање на значењето на улогата на секој вработен и неговиот начин на работа како и вклученост во борбата против корупцијата и непрофесионалното однесување.

Дирекцијата нема да толерира непрофесионално однесување и злоупотреба на службените должности преку ревидирање на системот на утврдување на одговорност, со што ќе овоможи дестимулирање за коруптивно однесување и ќе обезбеди висок степен на дисциплинираност на вработените во секојдневното извршување на работните задолженија.

Од секој вработен во Дирекцијата се очекува висок степен на свест за сопствената одговорност, морална цврстина и целосна имплементација на Етичкиот кодекс на однесување. Непочитувањето на одредбите од овој Кодекс ќе значат утрдување на дисциплинска одговорност за поединецот.

## 1.7 Зајакната контрола на јавните набавки

Вработените во Дирекцијата кои се вклучени во постапките за јавни набавки, истите ќе ги спроведуват согласно со закон, без дискриминација, повластување и без никаков личен интерес.
При спроведување на јавните набавки ќе ги применуваат и почитуваат принципите на законитост, независност, транспарентност, отчетност, ефикасност, одговорност и професионален интегритет, почитувајќи ги одредбите од Етичкиот кодекс на Дирекцијата. Истовремено Дирекцијата ќе воспостави зајакнат систем на контрола над спроведувањето на постапките за јавни набавки преку внатрешната ревизија.

## 1.8 Континуирана и специјализирана обука во Дирекцијата

Способноста и стручноста на вработените во Дирекцијата го одредува капацитетот на Дирекцијата во справување со корупцијата преку елиминирање на причините кои ја условуваат нејзината појава.
Континуираната обука на вработените преку различни степени на едукација, со јасно прецизирани цели ќе обезбеди висок степен на нивна оспособеност во извршувањето на работите и задачите, висок степен на иницијативност, професионалност, морал, етика и стручност во работата.

Неопходно е да се организираат и спроведуваат обуки за сите вработени, со цел запознавање со законските прописи, постапки и другите акти на Дирекцијата. Едукацијата преку која се промовира професионалното и законско постапување на вработените е еден од примарните чекори за влијание врз нивната свест и отпочнувањето на процесот на промени и постигнување на одредени цели.
Обуките имаат значајна улога во борбата против корупцијата на начин што обезбедуваат професионален развој на вработените и подобрување на нивните работни способности и можности, со што овозможуваат Дирекцијата да стане поефикасна во борбата против корупцијата.

Дирекцијата ќе негува развој на културата на контиунуирано учење преку организирање и спроведување на обуки, врз основа на донесените планови. Во насока на превенција на корупцијата, ќе се организираат обуки кои ќе бидат фокусирани на стандардите на

однесување кои се очекуваат од сите вработени како и преку специјализирани обуки за раководниот кадар и царинските службеници кои учествуваат во борбата против корупцијата.

## 1.9 Јакнење на довербата на граѓаните и мотивирање да пријават корупција

Граѓаните очекуваат Дирекцијата да биде институција која доследно ќе ги почитува и применува законските прописи.
Дирекцијата ќе развива алатки за прибирање на информации од граѓаните кои можат да доставаат сугестии, поплаки, пофалби и барања за информации и податоци, но и ќе воведува нови, со што ќе ја зголеми и зајакне соработката во сите сегменти на своето работење.

Дирекцијата ќе работи на зголемување на свеста на вработените за значењето на транспарентноста од аспект на запознавање на јавноста со улогата на Дирекцијата, плановите за нејзиното работење и осознавањето на проблемите во работењето, но и на потребите на граѓаните. Оттука од големо значење е јакнење на довербата на граѓаните во институционалниот капацитет на Дирекцијата со што ќе ги мотивира да пријавуваат случаи на корупција и непрофесионално однесување на вработените.

Исто така, ќе се работи на подигнување на свеста на вработените за значењето на јавното мислење за работата на Дирекцијата и ќе се воведуваат системи и процедури за зголемување на квалитетот и обемот на комуникација со јавноста. Дирекцијата ќе овозможи ефикасен начин на пријавување на непрофесионално однесување и на случаите на корупцијата во согласност со позитивната законска регулатива.

## 1.10 Транспарентност на Дирекцијата

Отчетноста и транспарентноста на Дирекцијата им овозможува увид на граѓаните во работата и креирањето на политиките на Дирекцијата, како и во комуникација помеѓу неа и граѓаните. Отчетноста во работењето на Дирекцијата вклучува и систем на внатрешна и надворешна проверка.

Дирекцијата ќе спроведува активности за подобрување до пристапот на информации преку редовно ажурирање на веб порталот на Дирекцијата преку објавување на релевантни информации за работењето на Дирекцијата, нејзината ефикасност, законска и друга регулатива, правилници и извештаи со статистички податоци како и други податоци од интерес за граѓаните.

Дирекцијата ќе негува отворени и транспарентни односи и ќе развива политика на отворена, транспарентна средина, која дава подршка на граѓанскиот сектор.

## 1.11 Имплементација на Политиката за интегритет

Со попишувањето на политиката за интегритет, Дирекцијата за заштита и спасување го прифатила интегритетот како темел на доброто управување и како стратешки одговор на корупцијата.
Прифаќајки ја политиката за интегритет, Дирекцијата се обврзала на:

- воспоставување на систем на интегритет,
- спроведување и поддршка на системот на интегритет и
- следење и известување за примена на системот за интегритет.

Дирекцијата ќе ја следи примената на системот за интегритет, на ниво на самата институција како и од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата, и ќе спроведува активности за доследна примена на стандардите за интегритет и целосно имплементирање на политиката за интегритет.

**1.12 Спроведување на активностите предвидени со Акциониот план за реализација на Антикорупциската програма на Дирекцијата за заштита и спасување на Република Северна Македонија за период 2025-2028 година.**

Имплементацијата на Антикорупциската програма е обврска на сите раководители на организациските единици која треба да придонесе кон намалување на нивото на корупцијата, зајакнување на интегритетот, транспарентноста и отчетноста на Дирекцијата, а секој вработен поединец треба да даде свој личен придонес за доследна и бескомпромисна борба против корупцијата.

Во Акциониот план за спроведување на Антикорупциската програма јасно се дефинирани надлажните организациски единици и нивнитезадачи со кои би се остварила заедничката цел спречување на корупцијата и нејзино сведување на најниско ниво.

Директор,

Бр. ________________
Скопје, _________.2024 г.

**Доставено до:**
**-Правно одделение**
**-Сектор за финансиски прашања**
**-Архива**